**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 –4930/2
26. 05. 2011 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2005 и 110/2008), член 24 став 2 од Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006, 63/2007, 24/2011 и 51/2011), постапувајки по барањето на правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“- ЦИРКО -Скопје бр. 25-4930/1 од 20.05.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

1. СЕ ОВЛАСТУВА правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“ - ЦИРКО -Скопје за вршење на оцена на сообразност во рамки на опсегот на акредитација, за верификација на единица (Модул G) за испитување на жичари и ски-лифтови

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе важи до исполнувањето на условите од член 24 став 1 и став 3 од Законот за безбедност на производи.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“ – ЦИРКО –Скопје, до Министерството за економија поднесе барање бр. бр.25-4930/1 од 20.05.2011 година, за донесување на решение за овластување за вршење на оцена на сообразност во рамки на опсегот на акредитација, за верификација на единица (Модул G) за испитување на жичари и ски-лифтови согласно Правилникот за пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2007).

Кон барањето се поднесени следните документи:

- решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија со бр.0807-9/30368/1, со ЕМБС 5674115 и даночен број на субјектот 4030002454131,
- полиса за осигурување од професионална одговорност за вршење дејност бр. 130010001663 од 01.04.2011 година од друштвото за осигурување ЕУРОЛИНК осигурување АД Скопје,
- извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр.0904-10/4069 од 03.11.2010 година,
- докази за вработениот стручен кадар и вработени со договор;

- Сертификатот за акредитација на инспекциско тело за опрема под притисок со Прилог за опсегот на акредитацијата Бр. ИТ – 027 од 16.05.2011 година, издаден од Институт за акредитација на Република Македонија и

- Список на опрема за инспекција на жичари и ски лифтови.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за безбедност на производи, Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/2007) и Правилникот за пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица, утврди дека барањето е основано и донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

МИНИСТЕР,

Фатмир Бесими